# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**807.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НЕЕВИДЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

Се прогласува Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 февруари 2020 година.

Бр. 08-1406/1
15 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА НЕЕВИДЕНТИРАНИ ЛИЦА ВО МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на Законот**

Член 1

Со овој закон се уредува постапката за прибирање и евиденција на личните податоци за лицата кои не се евидентирани во матична книга на родени, видот на податоците што се евидентираат, условите за запишување во посебна матична книга на родени, условите за запишување во посебна матична книга на умрени, издавањето на извод од посебната матична книга на родени, издавањето на извод од посебната матична книга на умрени, идентификациона исправа и дополнителниот упис на овие лица во матичната книга на родените, согласно со закон.

**Цел на законот**

Член 2

Целта на овој закон е лицата неевидентирани во матична книга на родени да се евидентираат во посебна матична книга на родени, заради добивање на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа заради остварување на право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување согласно со закон, до дополнителен упис во матична книга на родените и добивање на прв извод од матичната книга на родени, согласно со закон.

**Значење на изразите**

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Лице неевидентирано во матична книга на родени”** е лице кое живее на територија на Република Северна Македонија и/или е родено на територијата на Република Северна Македонија, не е запишано во матична книга на родени и нема својство на странец со регулиран престој, согласно со закон;
2. **„Евиденција на лица неевидентирани во матична книга на родени”** е евиденција која се води во електронска форма за запишување на податоци на лица неевидентирани во матична книга на родени, согласно со закон;
3. **„Посебна матична книга на родените”** е книга на родените во која се внесуваат податоци за лицата неевидентирани во матична книга на родени, врз основа на што се издава извод од посебната матична книга на родените со времен карактер, односно до дополнителен упис во матична книга на родени;
4. **„Извод од посебната матична книга на родени”** е документ кој содржи име и презиме, час, ден, месец, година и место на раѓање, пол, адреса на живеалиште за лице кое е евидентирано во посебна матична книга на родени и евиденционен број, согласно со овој закон;
5. **„Лице запишано во посебната матична книга на родените”** е лице кое врз основа на овој закон му се издава извод од посебната матична книга на родени и може да оствари право на образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, до завршување на постапката за дополнителен упис во матична книга на родените, согласно со закон;
6. **„Посебна матична книга на умрените”** е книга на умрените во која се внесуваат име и презиме, ден, месец и година на раѓање, податоци за времето и местото на смртта и евиденционен број согласно со овој закон, на лицата запишани во посебната матична книга на родени и
7. **„Извод од посебната матична книга на умрени”** е документ кој содржи име и презиме, час, ден, месец, година и место на раѓање, час, ден, месец, година и место на смртта, пол, адреса на живеалиште за лице запишано во посебна матична книга на умрените и евиденционен број, согласно со овој закон.

**Примена на законот**

Член 4

(1) Овој закон се применува на лица кои живеат и/или се родени на територијата на Република Северна Македонија, а не се запишани во матична книга на родени и немаат својство на странец со регулиран престој согласно со закон, а се евидентирани согласно со јавниот повик објавен на интернет страницата на Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги и на интернет страната на Министерството за труд и социјална политика од 1 април 2018 година до 1 ноември 2018 година (во натамошниот текст: јавниот повик).

(2) Овој закон се применува и на лицата за кои е во тек постапка за дополнителен упис во матична книга на родени започната пред објавувањето на јавниот повик и на децата кои се родени по завршувањето на јавниот повик, а не исполнуваат услови за запишување во матична книга на родените согласно со закон.

## II. ПОСТАПКА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦА НЕЕВИДЕНТИРАНИ ВО МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

### Податоци за лица неевидентирани во матична книга на родени

Член 5

(1) Податоците за лица неевидентирани во матична книга на родени се прибрани со пополнување на прашалник и тоа:

- врз основа на спроведениот јавен повик или
- по претходно спроведена непосредна посета на лицата во местото на нивното престојувалиште/живеалиште.

(2) Непосредната посета од ставот (1) алинеја 2 на овој член е спроведена од службени лица на Министерството за правда - Управата за водење на матичните книги (во натамошниот текст: Управата), Министерството за внатрешни работи, центарот за социјална работа и здруженијата кои работат на проблематиката на неевидентираните лица во матична книга на родени, заради собирање на податоци за овие лица и пополнување на прашалникот.

(3) Во прашалникот од ставот (1) на овој член се прибрани податоци за:

1. лицето неевидентирано во матична книга на родени: име и презиме, час, ден, месец, година и место на раѓање, пол и адреса на живеалиште;

2. детето/цата на лице неевидентирано во матична книга на родени: час, ден, месец, година и место на раѓањето, име и презиме, пол и адреса на живеалиште;

3. родителот на лице/дете неевидентирани во матична книга на родени: име и презиме за таткото, мајката (и моминското презиме), час, ден, месец, година и место на раѓањето, име и презиме, пол и адреса на живеалиште и

4. евиденционен број кој содржи 13 цифри групирани во три групи и тоа:

- I група: ден, месец и година на пополнување на прашалникот (7 цифри),
- II група: број на општина во која е пополнет прашалникот (3 цифри),
- III група: реден број на прашалник што се пополнува (3 цифри).

(4) Адресата на лицето неевидентирано во матична книга на родени се определува согласно со дадената изјава на лицето и е внесена во евиденцијата на лицата неевидентирани во матична книга на родени, согласно со овој закон.

(5) Доколку лицето нема пријавено адреса на живеење согласно со ставот (4) на овој член, се евидентира на адресата на центарот за социјална работа во местото на неговото живеење.

## III. ЕВИДЕНЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Член 6

(1) Податоците од прашалникот од членот 5 став (3) од овој закон се внесуваат во Евиденцијата за лица неевидентирани во матична книга на родени (во натамошниот текст: Евиденцијата), во рок од 30 дена од денот на воспоставување на Евиденцијата.

(2) Евиденцијата ја води Управата.

(3) Директорот на Управата овластува службено лице за внесување на податоци од ставот (1) на овој член во Евиденцијата (во натамошниот текст: овластеното лице).

(4) Содржината и начинот на водење на Евиденцијата ги пропишува министерот за правда.

## IV. ПОСЕБНА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ИЗВОД ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ, ПОСЕБНА МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИ, ИЗВОД ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИ И ИДЕНТИФИКАЦИОНА ИСПРАВА

### Посебна матична книга на родени

Член 7

(1) Лице неевидентирано во матична книга на родени чии податоци се внесени во Евиденцијата, поднесува барање до Управата во рок од шест месеци од денот на донесување на овој закон за упис во посебната матична книга на родени.

(2) Овластеното лице по поднесеното барање од ставот (1) на овој член, а врз основа на податоците внесени во Евиденцијата согласно со членот 6 став (1) од овој закон, донесува решение за упис на лицето во посебна матична книга на родените.

(3) Уписот во посебната матична книга на родените трае до дополнителниот упис во матичната книга на родените, согласно со Законот за матичната евиденција.

(4) Решението од ставот (2) на овој член се донесува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за упис во посебната матична книга на родени.

(5) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Трошоците за спроведување на одредбите од овој закон се на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

(7) Формата и содржината на барањето за упис во посебната матична книга на родени ја пропишува министерот за правда.

### Извод од посебната матична книга на родени

Член 8

(1) Овластеното лице врз основа на решението од членот 7 став (2) од овој закон, врши упис на лицата неевидентирани во матична книга на родени во посебна матична книга на родените.

(2) На лицето неевидентирано во матична книга на родени му се издава извод од посебната матична книга на родените, во рок од десет дена од денот на донесувањето на решението од членот 7 став (2) од овој закон.

(3) Изводот од посебната матична книга на родени од ставот (2) на овој член содржи:

- фотографија од лицето, со димензија 3 x 3,5 см со бела позадина не постара од шест месеци,
- евиденционен број за лицата неевидентирани во матична книга на родени и
- лични податоци од членот 5 ставови (3) и (4) од овој закон.

(4) Извод од посебната матична книга на родени важи до дополнителниот упис во матичната книга на родени, согласно со Законот за матичната евиденција.

(5) Евиденционен број во изводот од посебната матична книга на родените за лицата неевидентирани во матична книга на родени, согласно со овој закон го има истото значење како матичниот број на граѓанинот при остварување на правото за образование, здравствена заштита, социјална заштита и вработување со задолжително социјално осигурување, согласно со закон.

(6) Формата, содржината и начинот на водење на посебната матична книга на родените и формата и содржината на изводот од посебната матична книга на родени ги пропишува министерот за правда.

(7) Службеното лице од Управата го известува Министерството за внатрешни работи за издадениот извод од посебната матична книга на родени во рок од 15 дена од денот на издавањето, заради издавање на идентификациона исправа.

**Посебна матична книга на умрените и извод од посебната матична книга на умрените**

Член 9

(1) Лицата запишани во посебната матична книга на родените за кои не е завршена постапката за дополнителен упис во матичната книга на родените согласно со Законот за матичната евиденција, во случај на нивна смрт се запишуваат во посебна матична книга на умрените.

(2) За лицата од ставот (1) на овој член, во случај на смрт се врз основа на барање од семејството, Управата им издава извод од посебната матична книга на умрените.

(3) Формата и содржината на изводот од посебната матична книга на умрените, начинот на издавањето на изводот и формата и содржината на барањето од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за правда.

**Идентификациона исправа**

Член 10

(1) Министерството за внатрешни работи, врз основа на барање на лицето запишано во посебната матична книга на родени и доставен извод од посебната матична книга на родени од членот 8 став (2) од овој закон, на лицето му издава идентификациона исправа, која не е во биометриска форма, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставувањето на барањето и изводот од посебната матична книга на родените.

(2) Идентификационата исправа од ставот (1) на овој член го содржи посебниот евиденционен број за лицето неевидентирано во матична книга на родени и се издава со рок на важење од пет години, со можност за продолжување до дополнителниот упис во матична книга на родените согласно со закон.

(3) Со дополнителниот упис во матична книга на родените согласно со Законот за матичната евиденција, се поништува идентификационата исправа од ставот (1) на овој член.

(4) За издадената идентификациона исправа, службеното лице од Министерството за внатрешни работи ја известува Управата, најдоцна во рок од 30 дена од денот на издавањето на исправата.

(5) Со идентификациона исправа лицата запишани во посебната матична книга на родени пред надлежните институции и органи го докажуваат идентитетот во однос на остварување на правата, согласно со овој закон.

(6) Формата, содржината и начинот на издавање на идентификационата исправа и формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за внатрешни работи.

## V. ПРАВА НА ЛИЦАТА ЗАПИШАНИ ВО ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

Член 11

Лице запишано во посебната матична книга на родени согласно со овој закон, по добивањето на извод од посебната матична книга на родени и идентификациона исправа согласно со овој закон, може да оствари право на образование, здравствена заштита, социјална заштита, вработување со задолжително социјално осигурување, согласно со закон, под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛЕН УПИС НА ЛИЦЕ НЕЕВИДЕНТИРАНО ВО МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ

Член 12

(1) Овластеното лице по службена должност во рок од 30 дена по добиеното известување од членот 10 став (4) од овој закон, за лицата запишани во посебната матична книга на родени согласно со овој закон, поведува постапка за дополнителен упис на лицата, согласно со Законот за матичната евиденција.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член, трае до донесување на решение за дополнителен упис во матичната книга на родените согласно со Законот за матичната евиденција.

(3) Во постапката од ставот (1) на овој член, овластеното лице може да користи и изјава од двајца сведоци заверена на нотар, документи и потврди од надлежни институции за докажување на местото и време на раѓањето.

(4) Во постапката од ставот (1) на овој член, овластеното лице од Управата соработува со државни органи, организации и здруженија кои работат на проблематиката на неевидентираните лица во матична книга на родени.

(5) По донесувањето на решението од ставот (2) на овој член, овластеното службено лице од Управата го известува Министерството за внатрешни работи за поништување на идентификационата исправа.

## VII. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 13

(1) Управата собира, обработува, користи, чува и брише лични податоци и податоци под услови и во постапка утврдени со овој закон и прописите за заштита на лични податоци и води евиденција за лица неевидентирани во матична книга на родени и посебна матична книга на родени и посебна матична книга на умрените за кои е овластена со закон, исклучиво за целите предвидени со овој закон.

(2) Личните податоци за лицата неевидентирани во матична книга на родени, внесени во Евиденцијата, во посебната матична книга на родените и посебната матична книга на умрените, се бришат без одлагање во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите заради кои личниот податок е внесен во евиденцијата.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член, се бришат согласно со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

(4) Податоците содржани во Евиденцијата, во посебната матична книга на родените и посебната матична книга на умрените, од нивното внесување, сѐ до нивното бришење смеат да се даваат под услови предвидени со овој закон.

(5) Правото на субјектот на лични податоци на пристап и исправка на неговите лични податоци со кои располага Управата, како и обврската за заштита на личните податоци се обезбедуваат под услови утврдени со Законот за заштита на личните податоци.

(6) Управата е должна да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци на субјектот на лични податоци, при што мора да примени соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

(7) Списите што се употребени во постапката за запишување во Евиденцијата, во посебната матична книга на родените и посебната матична книга на умрените (пријави за запишување, записници, одлуки и други списи) се од трајна вредност.

(8) Евиденцијата, посебната матична книга на родените, посебната матична книга на умрените и списите, Управата ги чува согласно со закон и истите се од трајна вредност.

## VIII. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВОЈ ЗАКОН

Член 14

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерство за правда, освен за членот 10 од овој закон, за кој надзорот го врши Министерството за внатрешни работи.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице доколку:

- податоци од јавниот повик не ги внесе во Евиденцијата во рокот предвиден со овој закон (член 6 став 1),
- не донесе решение за упис на лицето во посебна матична книга на родените (член 7 став 4),
- на лицето не му издаде извод од посебната матична книга на родените (член 8 став 2),
- не издаде идентификациона исправа согласно со овој закон (член 10 став 1),
- не поведе постапка за дополнителен упис, согласно со Законот за матичната евиденција (член 12).

Член 16

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Прекршочен платен налог**

Член 17

(1) За прекршоците од членот 15 од овој закон, надлежниот инспекциски орган, на сторителот на прекршокот му издава прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за правда.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19

Евиденцијата ќе ја воспостави Управата во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

# L I GJ
# PËR PERSONA TË PAEVIDENTUAR NË LIBRIN E AMZËS TË TË LINDURVE

## I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

**Lënda e Ligjit**

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen procedura e mbledhjes dhe evidentimit të të dhënave personale për personat të cilët nuk janë evidentuar në librin e amzës të të lindurve, lloji i të dhënave që evidentohen, kushtet e regjistrimit në libër të